Во согласност со член 110 од Законот за високото образование и чл. 150 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на 129-та. седница одржана на 13.3.2009 година, и Одлуката на Владата на РМ за бројот на студентите за запишување во прва година на државните високообразовни установи во учебната 2009/10 година бр. 19-1732-5 од 11.5.2009 година (Сл. Весник на РМ бр. бр. 59 од 11.5.2009 година), Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје објавува

# К О Н К У Р С
## за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во учебната 2009/10 година

**I. Број на студенти**

На факултетите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во прва година на додипломски студии, за кои се стекнува **универзитетска диплома**, во учебната 2009/10 година ќе се запишат **следниов број студенти:**

| **ФАКУЛТЕТИ - СТУДИСКИ ПРОГРАМИ -** | **редовни во државна Квота** | **износ на надоместок (ЕУР)** | **редовни со кофинанси-рање** | **износ на ко-финансирање (ЕУР)** | **Вонредни** | **вкупен број на студенти** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ТЕХНИЧКИ И ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ НАУКИ** | **3060** | **-** | **929** | **-** | **355** | **4344** |
| **Архитектонски факултет** | **220** | **300** | **30** | **800** | **0** | **250** |
| - петгодишни интегрирани студии од прв и втор циклус | **80** | | **30** | | | **110** |
| - дисперзирани студии во Гостивар | **60** | | | | | **60** |
| - дисперзирани студии во Охрид | **80** | | | | | **80** |
| **Градежен факултет** | **405** | **200** | **100** | **300** | **0** | **505** |
| ▪ **градежништво** | **325** | | **75** | | | **400** |
| - конструктивна насока | 60 | | 20 | | | 80 |
| - патишта и железници | 45 | | 15 | | | 60 |
| - хидротехничка насока | 45 | | 15 | | | 60 |
| - дисперзирани студии во Куманово | 100 | | | | | 100 |
| - дисперзирани студии во Битола | 75 | | 25 | | | 100 |
| ▪ **геодезија (6 семестри)** | **50** | | **15** | | | **65** |
| ▪ **геотехника (6 семестри)** | **30** | | **10** | | | **40** |
| **Факултет за електротехника и информациски технологии** | **630** | **200** | **270** | **600** | **0** | **900** |
| ▪ електроенергетски системи | 43 | | 22 | | | 65 |
| ▪ електроенергетика и управување | 43 | | 22 | | | 65 |
| ▪ електроенергетски уреди | 43 | | 22 | | | 65 |
| ▪ конверзија и искористување на електрична енергија | 43 | | 22 | | | 65 |
| ▪ електроника, радиотехника и процесирање на сигнали | 83 | | 42 | | | 125 |
| ▪ телекомуникации | 83 | | 42 | | | 125 |
| ▪ компјутерско системско инженерство и автоматика | 56 | | 29 | | | 85 |
| ▪ информатика и компјутерско инженерство | 110 | | 55 | | | 165 |
| ▪ професионални студии по информатика (6 семестри) | 26 | | 14 | | | 40 |
| ▪ дисперзирани студии по информатика и компјутерско инженерство во Тетово | 100 | | | | | 100 |
| **Студии по инженерство на животна средина и ресурси** (пријавувањето се врши на Машински факултет) | **30** | **400** | **10** | **600** | **0** | **40** |
| **Машински факултет** | **550** | **200** | **110** | **600** | **0** | **660** |
| **четиригодишнин додипломски студии** | **420** | | **60** | | | **480** |
| ▪ производно инженерство | 35 | | 5 | | | 40 |
| ▪ транспорт, механизација и логистика | 30 | | 5 | | | 35 |
| ▪ термичко инженерство | 30 | | 5 | | | 35 |
| ▪ автоматика и флуидно инженерство | 30 | | 5 | | | 35 |
| ▪ материјали, заварување и конструктивно инженерство | 35 | | 5 | | | 40 |
| ▪ индустриско инженерство и менаџмент | 50 | | 10 | | | 60 |
| ▪ моторни возила | 40 | | 10 | | | 50 |
| ▪ енергетика и екологија | 30 | | 5 | | | 35 |
| ▪ мехатроника | 80 | | 10 | | | 90 |
| - дипсерзирани студии по мехатроника во Охрид | 60 | | | | | 60 |
| **професионални студии (6 семестри)** | **130** | | **50** | | | **180** |
| ▪ производна информатика | 30 | | 10 | | | 40 |
| ▪ индустриски дизајн | 40 | | 10 | | | 50 |
| ▪ применето термичко инженерство | 20 | | 10 | | | 30 |

| ФАКУЛТЕТИ<br>- СТУДИСКИ ПРОГРАМИ - | редовни во државна Квота | износ на надоместок (ЕУР) | редовни со кофинанси-рање | износ на ко-финансирање (ЕУР) | Вонредни | вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ▪ хидраулика и автоматика | 20 | | 10 | | | 30 |
| ▪ заварување и дизајн на конструкции | 20 | | 10 | | | 30 |
| **Технолошко-металуршки факултет** | **230** | **200** | **70** | **300** | **0** | **300** |
| **четиригодишни додипломски студии** | **230** | | **70** | | | **300** |
| - прехранбена технологија и биотехнологија | 50 | | 15 | | | 65 |
| - хемиско процесно инженерство | 30 | | 9 | | | 39 |
| - наука за материјали | 30 | | 9 | | | 39 |
| - металургија и метални материјали | 30 | | 9 | | | 39 |
| - конфекциско инженерство | 30 | | 10 | | | 40 |
| - полимерно и органско инженерство | 30 | | 9 | | | 39 |
| - неорганско инженерство и заштита на животната средина | 30 | | 9 | | | 39 |
| **Природно-математички факултет** | **995** | **200** | **339** | | **355** | **1689** |
| ▪ **Математика** | **100** | | **20** | **400** | **10** | **130** |
| - наставна математика и теориска математика | | | | | | |
| - применета математика | | | | | | |
| ▪ **Физика** | **110** | | **0** | **400** | **10** | **120** |
| - наставна насока | | | | | | |
| - физика и компјутерски науки | | | | | | |
| - применета насока | | | | | | |
| ▪ **Хемија** | **160** | | **54** | **500** | **90** | **304** |
| - наставна насока | 40 | | 10 | | 20 | 70 |
| - аналитичка биохемија | 60 | | 24 | | 30 | 114 |
| - применета насока | 60 | | 20 | | 40 | 120 |
| ▪ **Биологија** | **100** | | **130** | | **0** | **230** |
| - наставна насока | 35 | | 35 | 500 | | 70 |
| - биохемиско-физиолошка насока | 50 | | 50 | 500 | | 100 |
| - еколошка насока | 15 | | 15 | 500 | | 30 |
| - молекуларна биологија | 0 | | 30 | 750 | | 30 |
| ▪ **географија** | **45** | | **45** | **500** | **45** | **135** |
| ▪ **етнологија и антропологија** | **30** | | **15** | **400** | **15** | **60** |
| ▪ **информатика** | **250** | | **50** | **980** | | **300** |
| - информатика за основно образование | | | | | | |
| - информатичко образование и електронско учење | | | | | | |
| - компјутерски науки | | | | | | |
| - информациски ситеми | | | | | | |
| - програмско инженерство | | | | | | |
| - компјутерски архитектури и мрежи | | | | | | |
| ▪ **дисперзирани студии по информатика во Крива Паланка** | **80** | | | | | **80** |
| ▪ **информатички технологии (6 семестри)** | **50** | | **25** | **980** | **25** | **100** |
| - интернет и мобилни технологии | | | | | | |
| - администрирање на компјутерски мрежи | | | | | | |
| ▪ **математика и физика** | **30** | | **0** | **400** | **30** | **60** |
| ▪ **биологија и хемија** | **40** | | **0** | **400** | **30** | **70** |
| ▪ **физика–хемија**<br>(за вонредни студенти може да конкурираат само дипломирани студенти од ПА) | **0** | | **0** | **400** | **100** | **100** |
| **ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ** | **2945** | **-** | **1160** | **-** | **395** | **4500** |
| **Економски факултет** | **680** | **200** | **180** | **600** | **40** | **900** |
| ▪ **економија** | 87 | | 23 | | | |
| ▪ **менаџмент** | 88 | | 22 | | | |
| ▪ **маркетинг** | 85 | | 23 | | | |
| ▪ **финансиски менаџмент** | 85 | | 23 | | | |
| - дисперзирани студии во Струга | 40 | | 10 | | | |
| ▪ **сметководство и ревизија** | 85 | | 23 | | | |
| - дисперзирани студии во Струга | 40 | | 10 | | | |
| ▪ **надворешна трговија** | 85 | | 23 | | | |
| ▪ **Е-бизнис** | 85 | **400** | 23 | **800** | | |

| ФАКУЛТЕТИ - СТУДИСКИ ПРОГРАМИ - | редовни во државна Квота | износ на надоместок (ЕУР) | редовни со кофинанси-рање | износ на ко-финансирање (ЕУР) | Вонредни | вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Правен факултет „Јустинијан Први"** | **600** | **200** | **250** | | **35** | **885** |
| ▪ **правни студии** | 352 | | 148 | **800** | 20 | 520 |
| - дисперзирани студии во Велес | 71 | | 29 | | | 100 |
| ▪ **политички студии** | 106 | | 44 | **800** | 10 | 160 |
| ▪ **новинарство** | 71 | | 29 | **600** | 5 | 105 |
| **Филозофски факултет** | **500** | **200** | **200** | **500** | **140** | **840** |
| ▪ **филозофија** | 36 | | 14 | | 10 | 60 |
| ▪ **педагогија** | 36 | | 14 | | 10 | 60 |
| ▪ **социологија** | 36 | | 14 | | 20 | 70 |
| ▪ **психологија** | 36 | | 14 | | | 50 |
| ▪ **историја** | 36 | | 14 | | 10 | 60 |
| ▪ **историја со архивистика** | 36 | | 14 | | 10 | 60 |
| ▪ **историја на уметноста** | 36 | | 14 | | 10 | 60 |
| ▪ **археологија** | 36 | | 14 | | 10 | 60 |
| ▪ **класични студии** | 36 | | 14 | | 10 | 60 |
| ▪ **одбранбени студии** | 36 | | 14 | | 10 | 60 |
| ▪ **мировни студии** | 35 | | 15 | | 10 | 60 |
| ▪ **социјална работа и социјална политика** | 35 | | 15 | | 10 | 60 |
| ▪ **дефектологија** | 35 | | 15 | | 10 | 60 |
| ▪ **родови студии** | 35 | | 15 | | 10 | 60 |
| **Филолошки факултет „Блаже Конески"** | **1010** | **200** | **375** | **500** | **112** | **1497** |
| ▪ **македонски јазик и јужнословенски јазици** | **60** | | **20** | | **15** | **95** |
| - македонски јазик и јужнословенски јазици | 45 | | 15 | | 10 | 70 |
| - српски јазик | 15 | | 5 | | 5 | 25 |
| - хрватски и словенечки јазик | (мирува) | | | | | |
| ▪ **македонска книжевност и јужнословенски книжевности** | **40** | | **40** | | **10** | **90** |
| ▪ **албански јазик и книжевност** | **125** | | **25** | | **2** | **152** |
| - албански јазик и книжевност (мајчин) | 25 | | 25 | | 2 | 52 |
| - насока за преведување и јазична интерпретација – мајчин | 50 | | 0 | | 0 | 50 |
| - насока за преведување и јазична интерпретација – немајчин | 50 | | 0 | | 0 | 50 |
| • **турски јазик и книжевност** | **55** | | **25** | | **25** | **105** |
| - турски јазик и книжевност - мајчин | 30 | | 15 | | 15 | 60 |
| - турски јазик и книжевност – немајчин | 25 | | 10 | | 10 | 45 |
| ▪ **романски јазици и книжевност** | **75** | | **55** | | **15** | **145** |
| - француски јазик и книжевност | 35 | | 15 | | 5 | 55 |
| - италијански јазик и книжевност | 40 | | 40 | | 10 | 90 |
| ▪ **славистика** | **25** | | **20** | | **5** | **50** |
| - руски јазик и книжевност | 25 | | 20 | | 5 | 50 |
| - полски јазик и книжевност | (мирува) | | | | | |
| ▪ **германски јазик и книжевност** | **30** | | **30** | | **15** | **75** |
| ▪ **англиски јазик и книжевност** | **270** | | **30** | | **10** | **310** |
| ▪ **општа и компаративна книжевност** | **40** | | **40** | | **15** | **95** |
| ▪ **преведување и толкување** | **290** | | **90** | | | **380** |
| - англиски јазик | 250 | | 50 | | | 300 |
| - француски јазик | 20 | | 20 | | | 40 |
| - германски јазик | 20 | | 20 | | | 40 |
| **Педагошки факултет „Св. Климент Охридски"- Скопје** | **155** | **200** | **155** | **400** | **68** | **378** |
| ▪ **одделенска настава** | **90** | | **90** | | **43** | **223** |
| - за наставници во паралелки на македонски јазик | 35 | | 35 | | 17 | 87 |
| - за наставници во паралелки на албански јазик | 40 | | 40 | | 19 | 99 |
| - за наставници во паралелки на турски јазик | 15 | | 15 | | 7 | 37 |
| ▪ **предучилишно воспитание** | **65** | | **65** | | **25** | **155** |
| - за воспитувачи во групи на македонски јазик | 25 | | 25 | | 10 | 60 |
| - за воспитувачи во групи на албански јазик | 30 | | 30 | | 10 | 70 |
| - за воспитувачи во групи на турски јазик | 10 | | 10 | | 5 | 25 |

| ФАКУЛТЕТИ - СТУДИСКИ ПРОГРАМИ - | редовни во државна Квота | износ на надоместок (ЕУР) | редовни со кофинанси-рање | износ на ко-финансирање (ЕУР) | Вонредни | вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **МЕДИЦИНСКИ НАУКИ** | **320** | **-** | **260** | **-** | **105** | **685** |
| **Медицински факултет** | **145** | | **85** | | **75** | **305** |
| ▪ **општа медицина** | 90 | **300** | 50 | **1.200** | | 140 |
| ▪ **стручни медицински сестри/техничари (6 семестри)** | 15 | **200** | 15 | **700** | 15 | 45 |
| ▪ **радиолошки технолози (6 семестри)** | 20 | **200** | 0 | **700** | 20 | 40 |
| ▪ **логопедија (6 семестри)** | 10 | | 10 | **700** | 20 | 40 |
| ▪ **физиотерапевти** | 10 | | 10 | **700** | 20 | 40 |
| **Фармацевтски факултет** | **45** | **200** | **45** | **1000** | | **90** |
| **Стоматолошки факултет** | **70** | **200** | **70** | | | **140** |
| ▪ **стоматологија** | 40 | | 40 | **1000** | | 80 |
| ▪ **стручни забни техничари** | 10 | | 10 | **1000** | | 20 |
| ▪ **стручни стоматолошки сестри** | 20 | | 20 | **500** | | 40 |
| **Факултет за физичка култура** | **60** | **200** | **60** | **700** | **30** | **150** |
| ▪ **физичко и здравствено воспитание** | 30 | | 30 | | 15 | 75 |
| ▪ **спорт** | 30 | | 30 | | 15 | 75 |
| **БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ** | **585** | **-** | **228** | **-** | **95** | **908** |
| **Факултет за земјоделски науки и храна** | **390** | **200** | **130** | **400** | **75** | **595** |
| ▪ **поледелска насока** | 30 | | 15 | | 5 | 50 |
| ▪ **градинарско-цвеќарска насока** | 30 | | 15 | | 5 | 50 |
| ▪ **лозароовоштарска насока** | 50 | | 15 | | 5 | 70 |
| ▪ **сточарска насока** | 40 | | 15 | | 5 | 60 |
| ▪ **агроекономска насока** | 50 | | 25 | | 20 | 95 |
| ▪ **заштита на растенијата** | 30 | | 15 | | 5 | 50 |
| ▪ **еко-земјоделство** | 50 | | 15 | | 5 | 70 |
| ▪ **преработка на земјоделски производи** | 50 | | 15 | | 5 | 70 |
| ▪ **преработка на земјоделски производи во Струмица** | 30 | | | | 20 | 50 |
| ▪ земјоделска техника | (мирува) | | | | | |
| ▪ искористување, уредување и заштита на почви и води | (мирува) | | | | | |
| ▪ **дисперзирани студии по тутун во Прилеп *** | 30 | | | | | 30 |
| **Шумарски факултет** | **160** | **200** | **80** | **400** | **20** | **260** |
| ▪ **шумарство** | 40 | | 20 | | 5 | 65 |
| ▪ **озеленување и унапредување на животна средина** | 40 | | 20 | | 5 | 65 |
| ▪ **механичка технологија на дрвото** | 40 | | 20 | | 5 | 65 |
| ▪ **проектирање и технологија на мебел и ентериер** | 40 | | 20 | | 5 | 65 |
| **Факултет за ветеринарна медицина** | **35** | **200** | **18** | **700** | | **53** |
| **УМЕТНОСТИ** | **107** | **-** | **82** | **-** | **-** | **189** |
| **Факултет за драмски уметности** | **22** | **200** | | | | **22** |
| • **драмски актери** | 12 | | | | | 12 |
| ▪ **продукција** | 10 | | | | | 10 |
| ▪ филмско и ТВ снимање | (мирува) | | | | | |
| ▪ филмска и ТВ монтажа | (мирува) | | | | | |
| ▪ театарска режија | (мирува) | | | | | |
| ▪ филмска и ТВ режија | (мирува) | | | | | |
| ▪ филмска и ТВ камера | (мирува) | | | | | |
| ▪ филмска и ТВ монтажа | (мирува) | | | | | |
| ▪ драматургија | (мирува) | | | | | |
| **Факултет за ликовни уметности** | **22** | **200** | **22** | **800** | | **44** |
| ▪ **Сликарски оддел** | 6 | | 6 | | | 12 |
| ▪ **Графички оддел** | 6 | | 6 | | | 12 |
| ▪ **Вајарски оддел** | 5 | | 5 | | | 10 |
| ▪ **Педагошки оддел** | 5 | | 5 | | | 10 |
| **Факултет за музичка уметност** | **63** | **200** | **60** | **800** | | **123** |
| ▪ музичка теорија и педагогија | 20 | | 10 | | | 30 |
| ▪ композиција | 2 | | 0 | | | 2 |
| ▪ оркестарско диригирање | 2 | | 0 | | | 2 |
| ▪ етномузикологија | 5 | | 3 | | | 8 |
| ▪ сонологија со мултимедија | 3 | | 3 | | | 6 |
| ▪ флејта | 0 | | 4 | | | 4 |
| ▪ обоа | 2 | | 0 | | | 2 |

| ФАКУЛТЕТИ<br>- СТУДИСКИ ПРОГРАМИ - | редовни во државна Квота | износ на надоместок (ЕУР) | редовни со кофинанси-рање | износ на ко-финансирање (ЕУР) | Вонредни | вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ▪ кларинет | 0 | | 5 | | | 5 |
| ▪ саксофон | 1 | | 2 | | | 3 |
| ▪ фагот | 2 | | 0 | | | 2 |
| ▪ труба | 0 | | 4 | | | 4 |
| ▪ хорна | 1 | | 2 | | | 3 |
| ▪ тромбон | 1 | | 1 | | | 2 |
| ▪ туба | 1 | | 0 | | | 1 |
| ▪ удирачки инструменти | 0 | | 3 | | | 3 |
| ▪ соло пеење | 5 | | 5 | | | 10 |
| ▪ пијано | 5 | | 3 | | | 8 |
| ▪ хармоника | 0 | | 3 | | | 3 |
| ▪ виолина | 8 | | 4 | | | 12 |
| ▪ виола | 2 | | 1 | | | 3 |
| ▪ виолончело | 2 | | 1 | | | 3 |
| ▪ контрабас | 1 | | 1 | | | 2 |
| ▪ гитара | 0 | | 4 | | | 4 |
| ▪ харфа | 0 | | 1 | | | 1 |
| ▪ музикологија | мирува | | | | | |
| **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје** | **7017** | **-** | **2659** | **-** | **950** | **10626** |

*** запишувањето на оваа студиска програма ќе се врши откако ќе биде завршена постапката за акредитација**

**II. Услови и критериуми за запишување**

1. Право на запишување на додипломски студии (прв циклус на универзитетски и на стручни студии) на факултетите имаат кандидати кои положиле државна или меѓународна матура.

   Право на запишување на додипломски студии на факултетите имаат и кандидати кои положиле училишна матура во гимназиско образование или завршен испит по завршено соодветно стручно средно образование со четиригодишно траење.

   Право на запишување на додипломски студии имаат и кандидати со завршено четиригодишно средно образование во претходните учебни години (пред учебната 2007/2008 година) кои не полагале државна матура.

   По исклучок, под услови кои ги утврдува факултетот, на студии можат да се запишат и лица без претходно завршено соодветно образование, ако станува збор за исклучително надарени лица за кои може да се очекува дека и без завршено претходно образование успешно ќе ги завршат студиите.

2. Кандидатите се запишуваат како редовни студенти финансирани од државата и редовни студенти со кофинансирање на студиите.

   На додипломски студии на факултетите можат да се запишуваат и вонредни студенти, доколку тоа го овозможува карактерот на студиската програма.

3. На додипломски студии на факултетите можат да се запишат и кандидати што имаат завршено високо или вишо образование на сродни факултети и виши школи. Овие кандидати се запишуваат надвор од квотата, најмногу до **10%** од вкупниот број редовни студенти на соодветниот факултет утврден во Конкурсот.

   Кандидатите од претходниот став се запишуваат според успехот од претходното образование, освен на студиските програми за кои поради специфичностите е потребна проверка на знаењата и умеењата. Сродноста ја утврдуваат и објавуваат факултетите.

   Кандидатите од оваа точка се запишуваат со кофинансирање на студиите, како и кандидатите од глава V од Конкурсот.

4. Начинот на селекција на кандидатите ќе се врши во зависност од видот на студиските програми за кои тие конкурираат, и тоа:

а) студиски програми каде селекцијата на кандидатите ќе се врши врз основа на успехот од средното образование;

б) студиски програми каде селекцијата ќе се врши врз основа на успехот од средното образование и со проверка на знаењата и умеењата на кандидатите. Тоа се однесува на студиски програми со посебни специфичности.

5. Основен критериум за селекција на кандидатите за запишување на додипломски студии е успехот постигнат во средното образование. Вреднувањето на успехот на кандидатите се изразува во поени.

а) На студиските програми каде што селекцијата се врши само според успехот од средното образование, кандидатите можат да освојат најмногу **100 поени**, и тоа: општиот успех по сите предмети учествува со **60%,** а успехот постигнат на **државната матура учествува со 40%.**

а.1 На студиските програми на кои селекцијата ќе се врши **само според успехот од средното образование**, бодирањето се врши на следниов начин: се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со 12. По оваа основа можат да се добијат најмногу **60 поени**.

а.2 Бодирањето на успехот постигнат на државната матура се врши на следниов начин: оценките од **екстерните предмети** се множат со коефициент 2; вака добиениот производ се корегира со перцентилниот ранг на кандидатот за секој предмет поединечно. По оваа основа можат да се добијат најмногу **20 поени** за двата екстерни предмета.

Оценките од секој од **интерните предмети** кои се полагаат на државната матура се множат со коефициент 1,6. Вака добиените производи се собираат. По оваа основа можат да се добијат најмногу **16 поени**. Оценката добиена на проектната задача се множи со коефициент 0,8. По оваа основа можат да се добијат најмногу **4 поени**. Вкупниот успех од државната матура може да донесе најмногу **40 поени**.
За кандидатите кои средното образование го завршиле во претходните учебни години (пред учебната 2007/08 година ) и не полагале државна матура, освен пресметувањето на бодовите од точка 5.а.1, се пресметуваат и најмногу 40 поени од предметите кои се значајни за студиската програма, и тоа: збирот од оценките од секој од двата предмета значајни за студиската програма (Прилог 2) се дели со бројот на оценките (независно во колку години предметот се слушал во средното образование) и вака добиениот среден успех, за секој предмет одделно, се множи со 4. По оваа основа можат да се добијат најмногу **20 поени** за еден предмет, односно вкупно **40 поени** за двата предмета.

б) На студиските програми со посебни специфичности селекцијата на кандидатите ќе се врши според **успехот од средното образование и со проверка на знаењата и умеењата на кандидатите**. Кандидатите се рангираат со собирање на бодовите добиени по двете основи.

- **На факултетите од областа на уметностите,** кандидатите можат да освојат најмногу **100 поени**, и тоа: **успехот од средното образование** учествува со **40%, а** успехот постигнат **со проверка на знаењата и умеењата на кандидатите учествува со 60%.**

**Пресметка на бодовите од успехот во средното образование** се врши на следниов начин:

  - на факултетите од областа на уметностите бодовите од успехот од средното образование **за кандидатите кои полагале државна матура** се добиваат согласно точките 5.а.1 и 5.а.2 од Конкурсот. Вкупниот добиен збир по овој основ се множи со коефициент 0,4. По оваа основа може да се добијат најмногу **40 поени**.

**Пресметка на бодовите од проверката на знаењата и умеењата на кандидатите**

  - **на факултетите од областа на уметностите,** вреднувањето на успехот од проверката на знаењата и умеењата на кандидатите се врши со бодување од **0** до **60** поени. Проверката има елиминаторен карактер. Не се рангираат кандидатите што не добиле најмалку **10** поени. Начинот на бодувањето на знаењата и умеењата и начинот на пресметката на поените се утврдуваат со посебно упатство објавено на огласната табла на факултетот.

- **На Архитектонскиот факултет и на Факултетот за физичка култура** кандидатите можат да освојат најмногу **100 поени**, и тоа: **успехот од средното образование** учествува со **60%, а** успехот постигнат **со проверка на знаењата и умеењата на кандидатите учествува со 40%.**

  **Пресметка на бодовите од успехот во средното образование** се врши на следниов начин:
  - бодовите од успехот од средното образование се добиваат согласно точките 5.а.1 и 5.а.2 од Конкурсот. Вкупниот добиен збир по овој основ се множи со коефициент 0,6. По оваа основа можат да се добијат најмногу **60 поени**.

  **Пресметка на бодовите од проверката на знаењата и умеењата на кандидатите**
  - вреднувањето на успехот од проверката на знаењата и умеењата на кандидатите се врши со бодување од **0** до **40** поени. Проверката има елиминаторен карактер. Не се рангираат кандидатите што не добиле најмалку **10** поени.
  - На Педагошкиот и на Природно-математичкиот факултет (наставни студиски програми) се врши претселекција на кандидатите, т.е. проверка на психофизичката способност на кандидатите за студирање, која не се бодира. Кандидатите се рангираат согласно точките 5.а.1 и 5.а.2 од Конкурсот.

## III. Селекција на кандидатите

1. За реализација на Конкурсот за запишување, наставно-научниот совет на факултетот формира конкурсна комисија, а Архитектонскиот факултет, факултетите од областа на уметностите и на Факултетот за физичка култура формираат и комисии за проверка на знаењата и умеењата.

2. За следење на реализацијата на Конкурсот, Ректорската управа формира Универзитетска конкурсна комисија.
   Универзитетската конкурсна комисија ја следи реализацијата на Конкурсот на факултетите, се грижи за доследно почитување на одредбите во Конкурсот, дава упатства и мислења во текот на неговото спроведување.

3. Рангирањето на кандидатите го вршат конкурсните комисии на одделните факултети.
4. Конкурсната комисија, на огласната табла на факултетот, ги објавува поените од средното образование (среден успех), и резултатите од проверката на знаењата и умеењата, на студиските програми каде што таа се спроведува. Кандидатот има право на приговор до конкурсната комисија во рок од 24 часа од објавувањето на резултатите. Во спротивно, го губи правото на приговор во натамошната постапка во поглед на објавените резултати.

   По објавувањето на прелиминарната ранг-листа на кандидатите за запишување од страна на конкурсната комисија, кандидатот има право на приговор во рок од 24 часа.
   Приговорот се однесува само на технички пропусти - грешки направени при пресметувањето на бодовите, и се упатува до управата на факултетот.
   Решението на управата по приговорот е конечно. Одлуките по приговорите се објавуваат на факултетите.

   По истекот на роковите за поднесување приговори и за нивно решавање, конкурсната комисија на соодветниот факултет објавува решение за прием на студенти (конечна ранг-листа), врз основа на што се врши запишување на студенти.

   Решението на конкурсната комисија за прием на студенти (конечната ранг-листа), факултетот истовремено го доставува до Ректоратот на Универзитетот.

5. Факултетите на кои и по завршувањето на првиот уписен рок ќе останат непополнети места, вршат запишување во втор и во трет уписен рок.

6. Доколку во првиот уписен рок при рангирањето на крајот на листата на примените кандидати има повеќе кандидати со еднаков број поени (најмногу пет кандидати), факултетот ги запишува сите вакви кандидати. Ако, пак, бројот на ваквите кандидати е поголем од 5, тогаш факултетите овие кандидати ги рангираа според дополнителни критериуми: соодветноста на изработената проектна задача при полагањето на државната матура, освоени награди на републички и меѓународни натпревари, членови на спортски репрезентации на РМ, добиени сертификати за познавање на странски јазици на повисоко ниво и сл.

7. Студентите во државната квота се запишуваат со плаќање надоместок за кофинансирање на студиите, во износ од **100 до 400 евра**, во денарска противвредност, според средниот курс на Народна банката на РМ.

   Надоместокот за студирање на студентите од претходниот став, за секоја студиска програма одделно, е составен дел на овој Конкурс. Плаќањето на надоместокот се врши во две еднакви рати.

Надоместокот од став 1 на оваа точка студентите го поднесуваат во текот на целокупното студирање.

8. Високообразовната установа нема да наплатува партиципација за:
   - деца без родители
   - лица од прв степен на инвалидност
   - воени инвалиди
   - лица растени во домови за напуштени деца

Средствата за партиципација на овие лица ќе се покриваат од Буџетот на РМ.

9. Припадниците на безбедносните сили, децата на загинат или починат припадник на безбедносните сили и децата на воен инвалид од I до VII група, утврдени со одредбите од чл. 2 и чл. 4 од Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства, како и лицата утврдени со одредбата од чл. 23 од истиот Закон (Сл. весник на РМ бр. 2/2002), во учебната 2009/10, ќе се запишуваат надвор од државната квота без плаќање партиципација, односно кофинансирање, под услови за запишување утврдени во овој Конкурс, а нивниот број може да изнесува најмногу до 10% од вкупниот број студенти на соодветната студиска програма.
   Правото од претходниот став кандидатите го остваруваат при пријавувањето, со документ од Министерството за одбрана или од Министерството за внатрешни работи. Дополнително доставување документ за кандидатите кои се запишуваат во прва година не се зема предвид.

   Децата на загинатите, односно починатите учесници во мировните операции и операциите за колективна одбрана надвор од територијата на Република Македонија и на членовите на нивните семејства имаат право на упис на единиците на Универзитетот без плаќање на партиципација за редовно студирање на прв циклус на студии, надвор од квотата, под услов да ги исполнат минимум условите утврдени со овој Конкурс (Сл. весник на РМ бр.67 од 29 мај 2009).

10. Наставата на дисперзираните студиски програми нема да се организира доколку се пријават помалку од 25 студенти.

11. Ректорската управа донесува посебно Упатство за реализација на Конкурсот.

## IV. Запишување вонредни студенти

1. На одделни студиски програми на факултетите, како вонредни студенти може да се запишуваат кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување и имаат договор за вработуваење на неопределено време, како и кандидати кои од оправдани причини не се во можност да се запишат како редовни студенти.

   За оправдани причини од претходниот став се сметаат: инвалид кој не е во состојба да ја посетува наставата; потешка долготрајна болест, која оневозможува редовно следење на наставата подолго од еден семестар; родител на дете додека трае породилното отсуство.

2. Вонредните студенти се запишуваат според исти услови и критериуми како и редовните студенти, а се рангираат на посебна ранг-листа.

   Вонредните студенти се запишуваат со кофинансирање на студиите, како и студентите запишани во категоријата со кофинансирање на студиите од глава V точка 2 од Конкурсот.

3. При пријавувањето за запишување како вонредни студенти, кандидатите поднесуваат договор за вработување на неопределено време, или лекарско уверение за причините наведени во точка 1 став 2 (издадено од Здравствената станица на Универзитетот).

## V. Запишување студенти со кофинансирање на студиите

1. На факултетите, како редовни студенти се запишуваат и кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување, а поради ограничените квоти не можат да се запишат во категоријата студенти финансирани од државата. Запишувањето во оваа категорија студенти се врши со претходно поднесена изјава од страна на кандидатите дека се согласуваат во текот на целокупното студирање да ги кофинансираат студиите.

2. Студентите што се запишуваат во оваа категорија, износот утврден во глава I од Конкурсот го плаќаат во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на РМ на денот на плаќањето, во најмалку две еднакви рати.

3. Факултетот објавува ранг-листа на кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување во оваа категорија. Кандидатите кои се согласуваат да се запишат во оваа категорија студенти, поднесуваат изјава во рок од 24 часа по објавувањето на конечната ранг-листа.

Листата на примените кандидати во оваа категорија ја утврдува конкурсната комисија врз основа на ранг-листата и поднесените изјави за согласност за запишување во оваа категорија.

Студентите со кофинансирање при запишувањето склучуваат договор со факултетот за меѓусебните права и обврски во остварувањето на наставно-образовниот процес.

## VI. Кандидати со завршено средно образование во странство

### а) Странски државјани

1. Странските државјани се запишуваат надвор од квотите утврдени во Конкурсот.

2. Селекцијата на странските државјани кои се пријавуваат за студирање на Архитектонскиот факултет, Факултетот за физичка култура и на факултетите од областа на уметностите, се врши со проверка на знаењата и умеењата.

3. При пријавувањето, кандидатите наведуваат на кој факултет, односно студиска програма сакаат да студираат, дали се стипендисти на својата влада или самостојно ги поднесуваат трошоците на студирањето. Со пријавата поднесуваат нострифицирано свидетелство за завршено средно образование, како и нострифицирани свидетелства за сите класови, заверен превод на изводот од матичната книга на родените, потврда за знаење на македонскиот јазик (издадена од комисија на Универзитетот) и уверение за здравствената состојба (од Здравствената станица на Универзитетот).

   Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје организира курс за изучување на македонскиот јазик.

   Школарината за странските државјани во учебната 2009/10 година изнесува: на Медицинскиот, Стоматолошкиот и Фармацевтскиот факултет, на факултетите за математичко-технички, природно-математички и биотехнички науки, на Факултетот за драмски уметности, Факултетот за ликовни уметности, како и на Факултетот за физичка култура - **1.500** евра, на Факултетот за музичка уметност **650** евра, а на другите факултети - **1.250** евра за еден семестар, доколку поинаку не е регулирано со договор за меѓууниверзитетска соработка.

   Во оваа категорија студенти припаѓаат и кандидатите странски државјани чии родители или самите тие работат во дипломатските претставништва во Република Македонија.
   Странските државјани го задржуваат истиот статус до дипломирањето.

### б) Иселеници и државјани на РМ со завршено целокупно средно образование и со дел од средното образование во странство

1. Кандидатите чии родители се наши иселеници и кандидатите државјани на РМ, кои целокупното средно образование го завршиле во странство се запишуваат надвор од квотата, со кофинансирање на студиите.

2. Селекцијата на кандидатите од точка 1, на Архитектонскиот, на Факултетот за физичка култура и на факултетите од областа на уметностите се врши со проверка на знаењата и умеењата.

3. Надоместокот за студирање на оваа категорија студенти, во зависност од студиската програма изнесува **денарска противвредност од 250 до 1.200 евра** за една учебна година (како за кандидатите од глава V).

   Кандидатите од точка 1, со пријавата, поднесуваат нострифицирано свидетелство за завршено средно образование, како и нострифицирани свидетелства за сите класови од средното образование завршени во странство.

4. Кандидатите државјани на РМ кои дел од средното образование завршиле во странство се запишуваат под истите услови и критериуми како и кандидатите со завршено средно образование во Република Македонија, со тоа што, покрај другите документи, поднесуваат и нострифицирани свидетелства за делот од средното образование завршено во странство.

5. Кандидатите со завршена меѓународна матура се запишуваат под истите услови и критериуми како и кандидатите со завршено средно образование во Република Македонија. За овие кандидати бодовите од вкупниот успех од средното образование се добиваат согласно точката 5.а.1 од Конкурсот. Бодирањето на успехот постигнат на меѓународната матура се врши на следниов начин: секоја оценка од шестте екстерни предмети кои се полагаат на меѓународната матура се множи со коефициент 1,2. Вака добиените коефициенти се собираат. По оваа основа можат да се добијат најмногу **36 поени**. Оценката добиена на матурската тема се множи со коефициент 0,8. По оваа основа можат

да се добијат најмногу **4 поени**. Вкупниот успех од меѓународната матура може да донесе најмногу **40 поени**.

Кандидатите државјани на РМ кои дел од средното образование завршиле во странство а не се во можност да се пријават во текот на првиот уписен рок (заради времето на завршување на образованието во странство) и кандидатите со завршена меѓународна матура, се запишуваат во септемврискиот уписен рок, вклучително и на оние студиски програми на кои е пополнета квотата во првиот уписен рок.

Овие кандидати се рангираат на посебна ранг-листа, а ќе бидат примени оние кандидати кои ќе освојат бодови најмалку како и последниот примен кандидат во рамките на државната квота на соодветната студиска програма. Бројот на овие кандидати може да изнесува најмногу **10%**, а трошоците за нивното студирање ги поднесува Министерството за образование и наука.

Кандидатите кои освоиле бодови најмалку како и последниот кандидат примен во категоријата со кофинансирање на студиите се запишуваат со надоместок за студирање во висина утврдена во глава I од Конкурсот. За кандидатите кои се запишуваат во оваа категорија, со кофинансирање на студиите, се применуваат одредбите од глава V од Конкурсот.

Кандидатите од глава VI се пријавуваат во Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во роковите утврдени со Конкурсот.

## VII. Дополнителни квоти утврдени од Владата на РМ (Одлука на Владата на РМ, бр.19-1733/1 од 6 мај 2009 г.)

1. За обезбедување правична и соодветна застапеност на студентите припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, на високообразовните установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во учебната 2007/08 година дополнително ќе се запишат студенти припадници на овие заедници, чиј број да не е повисок од **10%** од вкупниот број студенти кои се запишуваат во прва година на ниво на факлултет. Во рамките на овој процент, соодветно ќе бидат застапени припадниците на сите заедници, до процентот со кој соодветната заедница е застапена во вкупното население на Република Македонија.

2. На високообразовните установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, каде постојат студиски програми кои се застапени и на Државниот универзитет во Тетово, припадниците на албанската заедница ќе се запишуваат само во редовните квоти.

3. Процентот на студентите - припадници на овие заедници, заедно во државната и во дополнителната квота, треба да биде до процентот на застапеноста на соодветната заедница во вкупното население на Република Македонија.

## VIII. Рокови за пријавување, проверка на знаења и умеења и запишување

### 1. Рокови за кандидатите кои се рангираат само според успехот од средното образование

| | **прв рок** | **втор рок** | **трет рок** |
|---|---|---|---|
| Пријавување на кандидатите | **17 и 18.8.2009** | **3 и 4.9.2009** | **16.9.2009** |
| Објавување резултати од успехот од средното образование | **21.8.2009** | **7.9.2009** | **17.9.2009** |
| Објавување решение за прием на кандидатите | **26.8.2009** | **11.9.2009** | **19.9.2009** |
| Запишување на кандидатите | **31.8 и 1.9.2009** | **14.9.2009** | **22.9.2009** |

### 2. Рокови за кандидатите кои се рангираат според успехот од средното образование и според проверката на знаења и умеења

| | **прв рок** | **втор рок** | **трет рок** |
|---|---|---|---|
| Пријавување на кандидатите | **17 и 18.8.2009** | **2 и 3.9.2009** | **16.9.2009** |
| Проверка на знаења и умеења | **21.8.2009** | **4.9.2009** | **17.9.2009** |
| Објавување резултати од проверката на знаењата и | **26.8.2009** | **10.9.2009** | **22.9.2009** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| умеењата и од успехот | | | |
| Објавување решение за прием на кандидатите | **29.8.2009** | **11.9.2009** | **23.9.2009** |
| Запишување на кандидатите | **31.8 и 1.9.2009** | **14.9.2009** | **24.9.2009** |

**Напомена:**

Во вториот и во третиот уписен рок, на факултетите на коишто останале слободни места за запишување, право да конкурираат ќе имаат и кандидатите кои полагале државна матура, но избрале екстерен и интерни предмети кои не се во согласност со предметите наведени во Прилог 1 од Конкурсот, како и кандидатите кои полагале училишна матура.

Бројот и условите за запишување на кандидатите во вториот и третиот рок ќе бидат утврдени со Дополнителниот конкурс за запишување.

## IX. Документи за пријавување и запишување

При **пријавувањето** за запишување на факултетите кандидатите ги поднесуваат следниве документи:

1. пријава за запишување
2. оригинални свидетелства од сите класови
3. оригинално свидетелство за завршено средно образование
4. документ за положена државна матура
5. извод од матичната книга на родените
6. доказ за државјанство на РМ (уверение или решение)
7. потврда за уплатени:
   - **денари** на жиро-сметката на факултетот, за студиски програми за кои **не се врши** проверка на знаењата и умеењата, односно
   - **денари** на жиро-сметката на факултетот, за студиски програми за кои **се врши** проверка на знаењата и умеењата.

Кандидатите кои конкурираат за запишување како вонредни студенти ги поднесуваат, освен горните, и документите наведени во глава IV, точка 3

**Забелешка: Бидејќи пријавувањето се врши со оригинални документи, пожелно е кандидатите претходно да направат преписи од документите за свои потреби.**

При **запишувањето**, примените кандидати поднесуваат:

1. индекс, студентска легитимација и пријавни листови
2. три фотографии (2- 6х9 и 1 - 4х5)
3. потврда за уплатени **750,00** денари - за информативни, информатички, културни и спортски активности на студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, **со назнака ИКСА на УКИМ, _______ (да се наведе факултетот - носител на студиската програма)**, на жиро-сметката 100000000063095, депонент: НБРМ, со сметка на буџетски корисник 1600103689 788 18, приходна шифра **723012**, програма **41.**

*** * ***

Составен дел на Конкурсот се:

- **Прилог 1 - Листа на екстерните и интерните предмети потребни за упис на факултетите - членки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**
- **Прилог 2 - Предмети кои се бодираат при вреднувањето на успехот од средното образование за кандидатите кои средното образование го завршиле пред учебната 2007/08 година и не полагале државна матура**

**Конкурсот е објавен на интернет-страницата:**
**http://www.ukim.edu.mk**